**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО**
**СУ.бр.о1о3-84/2оо9**
**1о.о2.2оо9 година-**
**К и ч е в о**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД КИЧЕВО

## ЗА 2оо8 ГОДИНА

**КИЧЕВО ФЕВРУАРИ 2оо9 ГОДИНА**

# ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

## ВОВЕД

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО како самостоен и независен државен орган во рамките на судскиот систем и 2оо8 година ја вршеше својата судска функција врз основа на Уставот, Законите и Меѓународните договори ја обезбедуваше примената на правото, заштитата на човековите слободи и права во рамките на својата основна надлежност.

Согласно оснвоната надлежност во извештајната 2оо8 година за работата на Основниот суд во Кичево во овој извештај ке бидат дадени податоци за обемот за работата на судот за 2оо8 година, ажурноста во работењето на судот, квалитетот за работата на судот и судиите, ангажирањето на судиите во извршување на работата, како и оценка за работа на судот и судиите.

## ОБЕМ НА РАБОТА

Обемот на работа во судот ги опфака предметите за работа од целокупната стварна надлежност на судот прикажани преку сумарниот преглед на предметите по области, опис на предметите по области, нерешени предмети од претходната година, примени предмети во 2оо8 година, вкупно предмети во работа во 2оо8 година, решени предмети во 2оо8 година и односот на намалувањето односно зголемувањето на незавршени предмети на 31.12.2оо8 година во однос на нерешени предмети на о1.о1.2оо8 година.

## ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА ВО СУДОТ

На о1.о1.2оо8 година останати предмети од претходната година во овој суд има 3947, примени нови во 2оо8 година има 13.342, или вкупно во работа биле 17.289 предмети. Од кои решени се 15.267 предмет, или 88,3%, а останале нерешени 2.о22 предмети или 11,7%.

Поради изменетата надлежност на овој суд односно воведување од проширена во основна надлежност и непостапување по определени предмети нормално се очекуваше и намалување на приливот на предметите во 2оо8 година за разлика од 2оо7 година.

И покрај тоа што е намален приливот за 545 предмети по сите основи, за разлика од претходната година зголемен е бројот на решени предмети, може слободно да се потенцира дека и покрај тоа што во 2оо8 година не се заведуваат извршни предмети , надлежноста на прекршочните предмети е пренесена на комисиите , зголемен е приливот на прдметите како во кривичното одделение така и во граѓанското одделение.

**ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА НА СУДОТ**

**КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**

**ИСТРАГИ**

Во текот на 2оо8 година примени се во работа 25 истражени предмети заедно со нерешените 8 истражни предмети од претходната 2оо7 година, судот во извештајната година постапувал во 33 истражни предмети од кој решил 28 или 84,8%, а останале на крајот на годината за решавање 5 истражни предмети или 15,2%.

-Во 2о истраги постапката траела 3 месеци,

-Во 1 предмет постапката траела од 3 до 6 месеци,

- Во 6 предмети постапката од 6 месеци до 1 година.

- Во 1 предмет постапката траела над 1 година.

Во однос на претходната година 2оо7 кога во работа имало 47 истражни предмети, во извештајната година обемот на истражните предмети е помал за 22 истражни предмети, што се должи на новата надлежност на овој суд.

**ИСТРАЖНИ ДЕЈСТВИЈА**

Од претходната 2оо7 година останале 3о нерешени предмети, примени во работа во 2оо8 година 116 предмети или вкупно во работа во 2оо8 година имало 146 предмети - истражни дејствија. Завршени се вкупно 131 предмети, а останале за решавање уште 15 истражни дејствија.

-Во 91 одделни истражни дејствија траела 3 месеци,

-Во 25 предмети постапката траела од 3 до 6 месеци,

- Во 13 предмети постапката од 6 месеци до 1 година.

-Во 2 предмети постапката траела над 1 година.

Во однос на претходната година кога во работа биле 133 предмети во извештајната 2оо7 година од овој вид на предмети има зголемување за 13 предмети.

Вообичаени проблеми во работењето на истражниот судија за водење на истрагите и истражните дејствија се големиот број на предмети за кој е потребно вештачење од страна на Бирото за судски вештачења и ненавремено доставување на наод и мислење, отсутност на лицата од местото на живеење, односно претежен број на осумничените лица се во странство, не се достапни до органите, а има проблеми и по однос на оѕивот на осомничените на поканите на судот и доставата.

## КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА

Од 2оо7 година од овој вид на предмети останале нерешени 57 предмети, примени во извештајната 2оо8 година се 264 предмети или вкупно во работа биле 321 предмети од нив се решени 266 предмети, а останале за решавање уште 55 предмети против полнолетни лица.

Од вкупно решените 266 предмети по жалба биле 62 предмети , потврдени се 34 предмети или 54,83%, укинати се 27 предмети или 43,54%, а преправени е 1 предмети или 1,61%.

Во однос на претходната 2оо7 година кога во работа имало 274 предмет во извештајната година обемот на овој вид на предмети е зголемен за 47 предмети.

Односот помеѓу ефективно изречените казни и условните осуди, како и време траењето на постапката на овој вид на предмети ја покажува ефикасноста во изрекување на кривичниот прогон на осудените.

**Имено осудителни пресуди има донесено**:

а.) Осудителни пресуди 214

б) ослободителни пресуди 19

в) Одбивателни пресуди 3

г) Отстапени на надлежност на друг суд 7

д) Запрени и на друг начин 23

**Траењето на постапката по овој вид на предмети изнесува:**

- До 3 месеци 153

-Од 3 до 6 месеци 7о

-Од 6 месеци до 1 година 28

-Над 1 година 15

Во 1о предмети има поднесено барање за вонредно ублажување на казна.

Барање за повторување на постапката има поднесено во 19 предмети.

Барање за помилување во 6 предмети.

## РАЗНИ КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајната година има вкупно во работа 194 предмети од овој вид од кој решени се 176 предмети, а останале за решавање уште 18 предмети.Во оваа група на разни кривични предмети спаѓаат: кривичните помолници, разни истражни дејствија и кривични предмети по уписник "КР" одлуки на кривичен совет "КС" условен отпуст и прекин на казна "УОПК", помилување, вонредно ублажување на казна, вонредно преиспитување на правосилна пресуда и повторување на кривичната постапка.

## ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ

На о1.о1.2оо8 година останале нерешени 965 предмети. Примени во работа во извештајната година се 2736 предмет или вкупно во работа во 2оо8 година 37о1 прекршочни предмети.

Во 2оо8 година се решени 3222 предмети или 87,о5%, предмети, а останале за решавање уште 479 предмети или 12,95%.

Во 2оо8 година од овој вид на предмети по жалба биле 141 предмети, од обжалените предмети потврдени се 7о предмети или 49,64%, укинати 42 предмети или 29,78 % и 29 преправени или 2о,56%.

Од вкупниот број на донесени одлуки во 2оо8 година необжалени се 3о81 предмети или 95,62%..

Од вкупно решените 3222 предмети:

- во 2486 изречена казна или 77,15 %,

-запрена е постапката по 88 или 2,73%,

-донесени се решенија 648 по или 2о,11 %,

**-Мерки на безбедност се ирзечени 498 предмети и тоа:**

-По Закон за безбедност на патиштата 378,

-По Законот за шуми 111,

-По Закон за оружје 3,

-Закон за ЈРМ. 1,

-По ЗЗЕМ - 1 предмет

-По ЗППОД 1 предмет,

-По Закон за авторски и стродни права (ЗАСП) 3 предмети,

Вонредни правни лекови и тоа барање за повторување на постапката е поднесено по 6 предмети.

**ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ**

На о1.о1.2оо8 година останале неизвршени 72 предмети, во работа во извештајната година нема примени нови предмети или вкупно за извршување имало 72 предмети .Од нив се решени сите 72 предмети по прекршочни санкции, решени како апсолутно застарени.

**ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ**

На о1.о1.2оо8 година останале нерешени 321 предмети, примени во извештајната година се 955 предмети во кој спаѓаат и укинатите од 2оо8 година или вкупно во работа биле 1276 предмети. Од кој решени се 1о51 предмети, а останале за решавање уште 225 предемет.

Со пресуда се решени 619 предмети или 65,57%, со спогодба 52 предмети или 5,5о%, 273 предмети се решени на друг начин или 28,9%, и 1о7 предмет решени од укинатите или 1о,18%.

./.

Во текот на 2oo8 година обжалени биле 239 предмети од кој , потврдени се 129 предмети или 53,97%, преправени се 25 или 1o,46%, и укинати се 85 или 65,89%.

Во 2oo8 година поднесени се ревизии по 32 предмети. Од вратените ревизии во текот на 2oo8 година потврдени се 7o предмети , а укинати 5 предмети и преиначени 8 предмети .

## СТОПАНСКИ ПАРНИЦИ

На o1.o1.2oo8 година останале нерешени 6 предмети, ново примени нема, или вкупно во работа во извештајната година биле 6 стопански предмети и истите се решени.

Во текот на 2oo8 година од стопанскитепредмети кои биле по жалба 4 предмети се потврдени или 66,6%, а укинати 2 предмети или 33,33%.

Овде треба да се нагласи дека овој суд во извештајната 2oo8 година немаше надлежност да постапува по ваков вид на предмети, така што ново примени предмети нема примено.

## СТЕЧАИ И ЛИКВИДАЦИИ

На o1.o1.2oo8 година останале за решавање 3 стечајни предмети. Ново примени нема предмети или вкупно во работа биле 3 предмети од кој 1 решен, или 33,33% ,а 2 останале за решавање или 66,66%.

## ПЛАТНИ НАЛОЗИ

На o1.o1.2oo8 година нема останати нерешени платни налози од претходната година, ново примени се 5352 предмети, вкупно во работа биле 5352 и сите се решение на крајот на годината или 1oo%.

## ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

На o1.o1.2oo8 година останале 33 предмети вонпроцесни предмети , а примени во извештајната година 1564 или вкупно во работа биле 1597 предмети.Од кој решени се 1568 предмети, или 98,18 %,а останале за решавање уште 29 предмети или 1,81%.

Во овие предмети се евидентираат збирно разни ВПП-предмети.

Од вкупно решените по жалба биле 25 предмети од кој 17 се потврдени или 68,32% предмети, 8 укинати предмети или 32% .

./.



## ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ

На о1.о1.2оо8 година останале нерешени 27 оставински предмети. Примени се нови 392 предмети или вкупно во работа биле 419 предмети, 292 предмети биле поверени во работа на нотарите.Од вкупниот број на предмети кој биле во работа , на крајот на извештајната година решени се 369 предмети од кој заклучно до месец март 2оо8 година во судот се решение 123 предмети или 29,3%, а кај нотарите се решение 246 предмети или 58,71%, а останале за решавање кај повереницитe уште 5о предмети или 11,93%.

Од вкупно решените 369 предмети по жалба биле 8 оставински предмети, а вратени од повисокиот суд само 3 предмети и тоа потврдени.

## ИЗВРШНИ ПРЕДМЕТИ

На о1.о1.2оо8 година од овој вид на предмети останале нерешени 2384 предмети, И сите тие предмети биле во работа во извештајната година бидејки согласно Законот за извршување од 26.о5.2оо6 година овие предмети не се во надлежност на судската власт.

Во текот на извештајната година од останатите 2384 предмети решени се 1267 предмети или 53,14%,а останале за решавање уште 1117 предмети или 46,85 %.

Од вкупние решените,1267, обажалени се 39 предмети или 3,о7% од кој 25 се потврдени или 64,1о % , 5 предмети се укинати или 12,82 %.

## ПРИГОВОР ПРОТИВ НАЛОГ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Во тековната 2оо8 година од овој вид предмети примени биле вкупно 6о8 предмети каде претседателот на судот одлучувал по приговор против налог за извршување, давање дозволи за преземање извршни дејствија, барање за одлагање од извршување и сите 6о8 предмети се решени или 1оо%.

Од вкупно решените предмети во 21 предмети поднесена е жалба од кој потврдени 16 предмет или 76,19%, а укинати 1 или 4,76%, и 4 предмети преиначени или 19.о4%

## ТАПИИ И ИНТАБУЛАЦИИ

На о1.о1.2оо8 година имало нерешени 2 предмети од овој вид, а ново примени во извештајната година се 33 предмети или вкупно во работа биле 35 предмети. и сите се решени или 1оо%.

./.

**ЗАВЕРКИ**

Судот во извештајната година постапувал 1652 барања за заверки и сите ги решил.

**ГРАЃАНСКИ ПОМОЛНИЦИ**

Од овој вид на предмети од претходната 2оо7 година останал 1 нерешена помолница, а 31 се ново примени, или вкупно во работа имало 32 помолници од кој 29 се решени, или 9о,62%,а останала за решавање 3 помолница или 9,37%.

# АЖУРНОСТ

**АЖУРНОСТ НА СУДОТ**

Совладувањето на приливот на предметите, времето на решавање на предметите, бројот на старите нерешени предмети и месечниот заостаток на предметите ја чини ажурноста на судот.

а) Според критериумот совладување на приливот на предметите судот се смета за ажурен ако го совлада приливот на предметите во текот на годината.Од прегледот може да се заклучи дека од приливот во текот на годината во Основниот суд Кичево и тоа 13.342 предмети решени се 15.267 предмет или 87,39% , што значи дека во извештајната година овој суд работел ажурно и го совладал приливот.

**б) Ажурноста спрема време траењето на постапката**.

Во прегледот на време траењето на постапката се прикажани вкупно решените предмети : истраги, истражни дејствија, кривични предмети за полнолетни лица, кривични предмети за малолетни и предметите од граѓанската област.

**Према време траењето**:

- До 3 месеци траела постапката по 6о9 предмети , или во процент 41,26%.

-Од 3 до 6 месеци траела постапката по 453 предмети, или во процент 3о,69 %.

-Од 6 месеци до 1 година траела постапката по 336 предмети, или во процент од 22,76%..

-Над 1 година траела постапката по 75 предмети, или во процент 5.о8%.

-Над 3 години постапкатраела во 3 предмети во граѓански оддел или,о,2о%

**в).Ажурност спрема бројот на стари нерешени предмети**.

Спрема овој критериум за стари нерешени предмети се сметаат незавршените предмети кој за прв пат се заведени пред 2 години сметано од извештајната година.

Стари нерешени предмети во кривичен оддел нема во граѓански оддел 9 предмети, има 2 стари нерешени предмети стечаи, 1 предмет од вонпарнична постапка, како и 117 извршни предмети. Ова значи дека и во овој дел спрема овој критериум овој суд е ажурен. Имено се работи за предмети во поголем број само во извршната постапка, а причина за нерешавање на овие предмети е тоа што лицата против кој е насочено извршувањето се корисници на социјална помош, отежнато извршувањето да поголем дел од должинците се во странство и други објективни причини.

**г) Ефикасност и ажурност на судот спрема времето на решавање на заостатокот на предметите.**

Согласно овој критериум како апсолутно ефикасен суд ке се смета оној суд кој има заостаток на предмети кој предмети судиите можат да ги завршат во време до 3 месеци. Како ефикасен суд со месечен заостаток на предмети во работа за решавање до 6 месеци, релативно ефикасен суд до 1 година, а сите судови кај кој заостатокот на нерешени предмети изнесува над 1 година или повеке ке се смета како неефикасен суд.

Во прегледот се дадени нерешени предмети на 31.12.2оо7 година а вкупно биле 3947 предмети, потоа даден е просек на решени предмети во текот на извештајната година за 1о,5 месеци. Вкупно решените 15267 предмет со заостатокот на предметите од 2о22 се подели ке се добие за кој временски период овој заостаток на предмети судиите ке можат да го завршат односно дали за 3 месеци, 2 месеци или 1 месец. Согласно овој критериум Основниот суд во Кичево е апсолутно ефикасен, бидејки заостатокот на предметите може да го реши за околу 2 месеци.

**КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДОТ И СУДИИТЕ**

**ИСТАЖНИ ПРЕДМЕТИ**

Од вкупно решените 28 предмети изјавени се жалби против решенијата на истражниот судија за спроведување на истрага по 2 предмети. Што претставува 7,14% од вкупно решените предмети. Сите жалби од страна на кривичнито совет се одбиени,или во процент 1оо%.

Истражниот судија во 1 предмет изјави неслагање со барањето за спроведување на истражни дејствија, а кривичнито совет во истиот предмет го уважи барањето .

## -КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА

Од вкупно се решени 266 предемти од кој се обжалени 62 предмети или 23,3о%, а необжалени останале 2о4 предмети или 76,69%.

Од обжалените 62 предмети потврдени се 34 предмети или 54,83%, укинати 27 предмети или 43,54%, и преправени 1 предмети или 1,61 %.

## ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 3222 прекршочни предмети обжалени се 141 птредмети или 4,37%, од кој 7о одлуки потврдени или 49,64%, укинати 42 одлуки или 29,78% и преиначени 29 одлука или 2о,56%, а необжалени прекршочни предемти 3о81 или 95,62%.

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

## ПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 1о51 предмети обжалени 239 предмети или 22,74%, потврдени се 129 одлуки или 53,97 %, укинати одлуки 85 или 35,56% , а преправени 25 одлуки или 1о,46%, а необжалени останале 812 предмети или 77,25%

## СТОПАНСКИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 6 предмети , од по жалба се вратени 4 предмети потврдени или 66,66%, и 2 предмети укинати или 33,33%.

## ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 34 предмети, (физички делби, уредување на меѓи и експропријација) обжалени се 25 одлуки, или 73,52% од кој потврдени се 17 одлуки или 68%, укинати се 8 одлуки или 32% .

## ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупно решените 369 предмети по жалба биле 8 оставински предмети, а вратени од повисокиот суд се само 3 предмети и тоа потврдени или 37,5%.

## ИЗВРШНИ ПРЕДМЕТИ

Од вкупние решените,1267, обажалени се 39 предмети или 3,о7% од кој 25 се потврдени или 64,1о % , 5 предмети се укинати или 12,82 %.

./.

## ПРИГОВОР ПРОТИВ ПЛАТЕН НАЛОГ

Од вкупно решените 6о8 предмети, во 21 предмети поднесена е жалба од кој потврдени 16 предмет или 76,19%, а укинати 1 или 4,76%, и 4 предмети преиначени или 19.о4%

## ПО СУДИИ

***1.МИРА АНЃЕЛЕСКА -Претседател на судот***.

Претседателот на Основниот суд во Кичево Мира Анѓелеска во извештајната 2оо8 година покрај ивзршување на задачите што произлегуваат од функцијата претседател на судот работела во кривичен оддел и постапувала по кривични предмети за кривични дела за полнолетни лица, до месец март ја водела оставинската постапка, постапувала и како претседател на кривичен содвет и по приговорите против налогот за извршување од извршителот на територија на Општина Кичево и Општина Гостивар,како и по поднесените поплаки и претставки.

Решила 62 кривични предмети за полнолетни лица, од кои со пресуда 5о предмети и12 на друг начин , а решила и 1 од укинатите предмети. Обжалени биле 8 одлуки од кој 7 се потврдени или 87,5о%, а 1 укинати или 12,5о%.

Донесла КС одлуки 114, постапувала по 22 предмети за условен отпуст, решила 11 К.Пов, и постапувала по 2 предмети по молба за помилување.

Во извештајната година решила 1о1 оставински предмети.

Постапувала по 56 претставки и поплаки.

***2.ЛАЗАМ ЛАЗАМИ - Заменик на претседателот на судот и Судија за извршување на кривични санкции***.

Овој судија во текот на извештајната година решил 18 кривични предмети за полнолетни лица, и решил 1 премдет од укинатите.Како судија за извршување на санкции изрекол 42 кривични санкции и 72 прекршочни санкции, решил и 452 прекршочни предмети, презел 3 истражни дејствија .

Во 2оо8 година по жалба имал 2о предмети од кој 7 потврдени или 35%, 12 предмети укинати или 6о% и 1 преиначен или 5,%

Од прекршочните предмети 23 по жалба , од кои 4 одлуки се потврдени или 17,39 %, 12 одлуки се укинати или 52,17 % и 7 одлуки се преиначени или 3о,43 %, а 429 предмети необжалени или 94,91%.

Постапил и по 15 предмети, за одлагање од извршување на казната затвор.

Работел како член на кривичен совет, а во отсуство на Претседателот на судот истиот го заменувал.

***<u>3.БОЖИН АВРАМОСКИ - Претседател на кривичен оддел.</u>***

Решил 144 кривични предмети за полнолетни лица, решил и 3 предмети од укинатите, решил 19 прекршочни предмети и презел 24 истражни дејствија .

По 25 одлуки била поднесена жалба од кој 16 одлуки се потврдени или 64 %, и 9 укинати или 36%, необжалени предмети се 119 или 82,63%.

Од прекршочните предмети 11 предмети биле по жалба од кој 6 одлуки се потврдени или 54,54 %, 1 одлуки укинати или 9,о9% и 4 одлуки преиначени или 36,36%, а останале необжалени 8 предмети, или 42,1о%.

Овој судија како претседател на кривичен оддел учествувал во донесување на одлуки и како член на кривичниот совет.

***<u>4.ДРАГИ БИЛЕСКИ-Истражен судија.</u>***

Во текот на извештајната година овој судија работи како истражен судија и решил 28 истраги и 119 истражни дејствија, а исто така како прекршочен судија решил 537 предмети и 1 од укинатите и решил 27 кривични полмолници.

Од прекршочните предмети кај овој судија по жалба биле 17 предмети, од кој 1 одлуки се потврдени или 5,88%, 11 одлука е укината или 64,7о% и 5 одлуки се преиначени 29,41%, а останале необжалени 52о предмети или 96,83%.

***<u>5. БАКИ АЛИЛИ -Судија</u>***

Во текот на извештајната година овој судија решил 39 кривични предмети за полнолетни лица, решил 358 прекршочни предмети, и презел 3 истражни дејствија.

Од решените кривични предмети за полнолетни лица обжалени биле 3 предмети или 7,69"%, од кои 1 предмет е потврден или 33,33%, 2 предмети укинати или 66,66%, а необжалени останале 36 предмети или 92,3о %.

Од прекршочните предмети по жалба биле 6 предмети или 1,67%, од кој 2 предмети потврдени или 33,33%, 2 предмети укинати или 33,33% и 2 предмети преиначени или 33,33%, а необжалени предмети 352 предмети или 98,32%.

***6.ЕЛЕНА БОЖИНОСКА -Судија.***

Во текот на извештајната година до месец Јуни 2оо8 година кога беше разрешена поради исполнување на условите за пензија решила 33о прекршочни предмети од кој по жалба биле 8 предмети, од кој 5 одлуки се потврдени 1 одлуки се укинати 2 одлуки преиначени .

7.***ТАНЧЕ СОФРОНИЈОСКИ- Судија***.

Овој судија решил во извештајната година 718 прекршочни предмети, од кој 46 предмети биле по жалба, или 6,4о% од кој потврдени 33 одлуки се потврдени или 71,73%, 7 одлуки се укинати или 15,21% и 6 одлуки се преиначени или 13,о4%, а необжалени 672 предмети или 93,59%.

Овој судија има преземено и 2 истражни дејствија .

***7.ФЛУТУРИЈЕ ДЕРВИШИ-Судија***.

Овој судија во извештајната година решила 8о8 прекршочни предмети, решила 2 кривични предмети за полнолетни лица и учествувала во кривичниот совет како член.

Од прекршочните решени предмети по жалба биле 3о предмети,или 3,71%, од кој одлуки се 19 потврдени или 63,33% и 8 одлуки се укинати или 26,66%, и 3 предмети преиначени или 1о%, необжалени останале 778 предмети или 96,28%.

***8.ЈОВАНКА СТОЈАНОСКА -Претседател на граѓански оддел.***

Во извештајната година овој судија решил 7о граѓански процесни предмети, решила и 24 од укинатите граѓански процесни предмети. Од вонпроцесни предмети решила 4 физички делби, 387 други , решила 3 тапии и интабулациии, постапувала по 2о8 заверки и 1о36 платни налози.

Кај овој судија од граѓанските процесни предмети по жалба во извештајната година имало 43 предмети , или 61,42% од кој 29 одлуки се потврдени или 67,44%, 12 одлуки се укинати или 27,9о% и 2 одлуки се преиначени или 4,65%, а необжалени 27 предмети или 38,57 %.

Кај овој судија по жалба имало 2 стопански предмети и тоа 1 потврден и 1 укинат односно по 5о%. И

Од решените вонпроцесни предмети по жалба биле 9 предмети од кој 5 одлуки се потврдени или 55,55%. 4 одлука укинат или 44,44%, а кој се однесуваат за физички делба и експропријација, а необжалени се 382 предмети , или 97,69%.

***9. ВАНКО СТОЈАНОСКИ - Судија.***

Овој судија во текот на извештајната година решил 144 граѓански процесни предмети, решил 9 од укинатите граѓански процесни, решил 2 стопански парници,

Од вонпроцесните предмети решил 3 физички делби, 1 експропријација, 16 други, 4 тапии и интабулациии и 826 платни налози.

Од граѓанските процесни предмети овој судија по жалба имал 36 предмети, или 25%,од кој 22 одлуки се потврдени или 61,11%, 13 одлуки се укинати или 36,11% и 1 одлуки се преиначени или 2,77%, а останале необжалени 1о8 предмети , или 75%.

Од решените 2 стопански парници, 1 предмети биле по жалба и истиот е потврден или 1оо%.

Од вкупно решените вонпарнични предмети нема обжалена ниту една одлука.

***1о. М-р НЕЏАТ ЕЛЕЗИ-Судија***.

Овој судија во текот на извештајната година решил 157 граѓански парници, решил 16 од укинастите парници, решил 2 физички делби, 5 други , 5 тапии и 824 платни налози..

Од граѓанските процесни предмети кај овој судија по жалба биле вкупно 21 предмети, или 13,37% од кои 13 одлуки се потврдени или 61,9о%, 6 одлуки се укинати или 28,57% и 2 одлуки се преиначени или 9.52%, останале необжалени 136 предмети , или 86,62%.

Од решените стопански парници, 1предмети биле по жалба и истиот е потврден, а од вонпроцесните предмети 2 предмети по жалба и

истите се потврдени.

./.



***11. АБДУЛА ЛИМАНИ -Судија.***

Во извештајната 2оо8 година решил 136 предмети граѓански парници, решил 15 од укинатите граѓански, решил 8 вонпроцесен предмети , 1 тапија и интабулација и 822 платни налози.

Од граѓанските процесни предмети кај овој судија жалба имало поднесено по 33 предмет, или 24,26%,од кој 18 одлука е потврдена или 54,54%, 8 одлуки се укинати или 24,24% и 7 одлуки се преиначени или 21,21%, а необжалени останале 1о3 предмети, или 75,73%.

Од стопански парници, 1 предмет по жалба и истиот е укинат, а од вонпроцесните 1 е потврден.

***12.ЈАГОДА НИКОДИНОСКА- Судија***.

Овој судија во извештајната година има решено 6о граѓански процесни предмети, има решено 2 стопански предмети, решила 268 оставински предмети , а од вонпроцесни предмети решила 13 физички делби, 1 уредување на меѓи, 1 експропријација, 1о98 други предмети, 1о тапии интабулации, 895 заверки, постапила по 29 помолници граѓански и 71 платни налози.

Од решените граѓански процесни предмети кај овој судија по жалба 29 предмети, или 48,33% од кој 1о одлуки се потврдени или 34,48%, 14 одлуки се укинати или 48,27% и 5 одлуки се преиначени или 17,24%, останале необжалени 31 предмети, или 51,66%.

Од решените вонпарнични предмети вкупно 8 предмети од кој , 5 потврдени, или 62,5%, 3 укинати или 37,5%.

Од решените оставински предмети по жалба биле 8 предмети.Од вратените предмети од второстепениот суд доставени по жалба потврдени се 7 предмети или 63,63%, укинати 4 предмети или 36,36 %.)

***13.ДРАГАН АТАНАСОСКИ-Судија.***

Во извештајната година овој судија решил вкупно 143 граѓански процесни предмети, решил од укинатите 6 предмети решил 1 стопански парници, 3 физички делби, 1 експропријација, 11 други, решил 4 тапии интабулации и решил 826 платни налози.

Од граѓанските процесни предмети по жалба кај овој судија вкупно биле 27 предмети , или 18,88%, од кои 14 одлуки се потврдени или 51,85%, 9 одлуки се укинати или 33.33%, 4 одлуки се преиначени или 14,81%, а останале необжалени 116 предмети , или 81,11%.

./.



Од стопанските решени 1 парници, по жалба биле 1 предмети, и истиот е потврден и од вонпроцесните 1 по жалба и истиот е потврден.

***<u>14.МИЛЕ АНЃЕЛЕСКИ -Судија.</u>***

Во извештајната година има решено 162 граѓански процесни предмети , решил 16 од укинатите граѓански, решил 1 стопански парници, 1 стечаи, 1 физичка делба, 5 други, 4 тапии интабулации и 855 платни налози.

Од граѓанските процесни предмети кај овој судија имало по жалба 27 предмети, или 16,66% од кој 1о одлуки се потврдени или 37,о3%, 16 одлуки се укинати или 59,25% и 1 одлуки се преиначени или 3,7о%, а необжалени останале 135 предмети, или 83,33%.

Од вонпроцесните предмети 1предмет бил по жалба и истиот е укинат.

***<u>15 .ДРАГАН МИНОСКИ- Извршен судија.</u>***

Во извештајната година решил 72 граѓански процесни предмети, решил и 7 предмети од укинатите , како извршен судија решил 1267 извршни предмети, а од вонпроцесните 3 физички делби, 1 експропријација, 4 други, решил 4 тапии и интабулации, решил 92 платни налози.

Од граѓанските процесни предмети овој судија имал по жалба 23 предмети или 31,94%од кој 13 одлуки се потврдени или 56,52 %, 7 одлуки се укинати или 3о,43%, и 3 одлука е преиначена или 13,о4%, а необжалени останале 49 предмети ,или 68,о5%.

Од вонпроцесните 1 бил по жалба и истиот е потврден.

Од решените 1267 извршни предмети по жалба биле 39 предмети, а од вратените предмети 25 предмети се потврдени или 64,1о%, 5 предмети укинати или 12,82% .

Со оглед да судијата Ахмет Рушити од месец Ноември 2оо7 година беше избран за судија во Апелациониот суд Гостивар, од страна на повисокиот суд од предметите претходно што биле по жалба кај овој судија во текот на извештајната година вратени се 4 кривични предмети за полнолетни лица, од кој 1 предмет кривичен за полнолетни лица е потврден, а 3 предмети се укинати.

# ОЦЕНКА ЗА РАБОТА НА СУДОТ И СУДИИТЕ

Во тековната 2оо8 година врз основа на донесената Програма за работа на Основниот суд Кичево која беше усвоена на седницата на судии , постојано се следеше вкупната работа на Основниот суд Кичево, се разгледуваа пројавените проблеми во работењето, и тоа најпрвин во одделите како на граѓанскиот така на кривичниот оддел со преземање на мерки за надминување на состојбата со посебен осврт на старите нерешени предмети, а и на заостанатите извршни предмети, што сметаме дека во целост се прилагодувавме и одлучувавме согласно Програмата, посебно во решавањето на стари нерешени предмети можеме да кажиме дека со успех ги надминавме овие состојби бидејки како стари нерешени предмети останаа само 9 и тоа од граѓанската област, со исклучок на извршните предмети.

Исто така треба да се даде оценка за работа на судиите на начин што сите судии рамноправно беа ангажирани , но имајќи го во предвид фактот што приливот на нормата на предмети секоја година се намалува ( од причини што прекршочните предмети се пренесени на надлежност на комисиите при установите, а од 5 месец 2оо6 година не се примаат нови извршни предмети ) покажавме поголем процент на квалитет посебно ќе н агласам во граѓанскиот оддел.

Општо во постапувањето по сите предмети треба да се нагласи и тоа дека и од заостатокот од нерешените предмети за 2оо7 година кој изнесуваа вкупно 3947, кога ќе се поделат со просекот на решените предмети во текот на извештајнава 2оо8 година за 1о,5 % дава заклучок дека во целост е совладана нормата ,што значи дека останатите 2о22 предмети овој суд може да ги реши за околу 2 месеци и судот е апсолутно ажурен.

При тоа треба да се нагласи дека во текот на спроведување на постапката по предметите судиите се соочуваа со разни проблеми , а посебно за неуредна достава која се врши по селата и надвор од подрачјето од причини што надлежноста на овој суд опфака 1/6 од територија на Република Македонија, а од страна на Министерството за правда одредени села не се опфатени со нивни доставувачи кој ни помагаа во доставата, а трошоците за достава преку Македонски пошти беа преголеми.

Исто така во определен дел на предмети посебно кај истражните и кривичните предмети долгиот период на изготвување на вештачењата беа причини за ненавремено и недоволно постапување по овие предмети.

Овде треба да се нагласи дека од о1.о1.2оо8 година по предметите по жалба на овој суд решава Апелациониот суд во гостивар.

18.-

Фактот што во 2оо6 и 2оо7 година за предметите по жалба одлучуваа како Апелациониот суд Битола, така и Апелациониот суд во Скопје, со задоволство можеме да кажеме дека од предметите вратени од по жалба од страна на Апелациониот суд Гостивар можеме да бидеме задоволни по однос на зголемување на квалитетот и поголемото потврдување на предметите посебно во граѓанските предмети.

## ФИНАНСИРАЊЕ И ОПРЕМА НА СУДОТ

Во текот на извештајниот период Основниот суд во Кичево обезбедуваше средства за своето работење од страна на Буџетот на Република Македонија. Овде треба да се напомене дека и по однос на материјално финансиското работење 2оо8 година беше поуспешна од причини што заклучно до 31.12.2оо7 година овој суд имаше неизмирени обврски од 1.44о.521,оо денари, додека во тековната 2оо8 година односно на 31.12.2оо8 година неизмирени долгови има од 7о7.93о,оо денари, кои се однесуваат поголем дел за неизмирени обврски за набавка на канцелариски материјал.

Посебно треба да се нагласи дека во овој суд сеуште не е пополнето работното место информатичар иако во текот на годината беше објавен оглас, но истиот остана без успешен, така да ова работно место сеуште не е пополнето.

Овој суд по однос на човечките ресурси вкупно вработено има 68, вклучувајќи ги судиите и судската полиција како вработените согласно Закон за работни односи.

Согласно новата систематизација за работни места предвидени се 98 работни места за судски службеници вклучувајки ги тука судската полиција и вработените согласно Законот за работни односи, кои сметаме дека во текот на 2оо9 година поголем дел ќе се пополнат.

Треба да се има во предвид дека поголем дел од предвидените работни места не се потполнети, а посебно стручните работни места -советник,виш соработник, стручен соработник,приправник .

По однос на просторните услови за работа на овој суд има потреба од зголемување на просториите за архивата и воведување на шалтерски систем кое барање беше доставено до Судски буџетски совет, но согласно капиталните инвестиции за 2оо9 година одобрени ни беа средства само за реновирање на архивата во истите просторни услови и воведување на систем за електронско пратење на работното време.

ПРИЛОГ: 6 -Табели.